Влада на Република Северна Македонија

Министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

ЗАПИСНИК

Од првиот работен состанок на членовите на Националното координативно тело

за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

во Република Северна Македонија

Работниот состанок на членовите на Националното координативно тело (во понатамошниот текст - НКТ) за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Република Северна Македонија (во понатамошниот текст - Стратегијата) се одржа на 24 февруари 2025 година во 11.10 часот во старата сала во Владата на Република Северна Македонија.

На состанокот присуствуваа:

Министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, д-р Шабан Салиу - Национален координатор; Љубица Томиќ - член, Кабинет на министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 (во понатамошниот текст – Кабинетот на МИСР); Ајдоган Демири - заменик член, Кабинет на МИСР, модератор на состанокот; Бранка Јакимовска - записничар, Кабинет на МИСР; Елвис Мемети - член, Министерство за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ); Арабела Иљаз - член, Министерство за образование и наука (МОН); Хамди Демири - член, Министерство за внатрешни работи (МВР); Сузана Камческа - член, Министерство за транспорт (МТ); Виолета Стефановска - заменик член, Министерство за транспорт (МТ); Нури Љамалари - член, Министерство за здравство (МЗ); Кристина Брњарчевска - член, Министерство за европски прашања (МЕП); Мемет Демир - член, Министерство за дигитална трансформација(МДТ); Марија Хаџи - Василева Белевска - член, Министерство за финансии (МФ); Македонка Коцева - Министерство за култура (МК); Себихан Демировски - НВО Ромски ресурсен центар - Скопје; Ана Сариевска - Агенција за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ); Даниел Аврамски - Агенција за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ); Нусрет Исеини - ОБСЕ; Мауро Масциоли - Делегација на ЕУ, Ашмет Елезовски - НВО Национален ромски центар.

Состанокот го отвори модераторот Ајдоган Демири кој на самиот почеток за записничар на состанокот ја предложи Бранка Јакимовска, вработена во Кабинетот МИСР. **Предлогот беше едногласно усвоен.**

Модераторот ги извести членовите на НКТ дека со Одлука на Владата на Република Северна Македонија, донесена на 43 седница одржана на 14.01.2025 година, за Национална контакт точка и Национален координатор за имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, назначен е министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, д-р Шабан Салиу.

Министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

За овој состанок на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата беше предложен следниот

ДНЕВЕН РЕД:

1. Претставување на новите членови на Националното координативно тело;
2. Презентирање на измените на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030;
3. Презентирање на спроведени и идни активности  кои произлегуваат од Националните акциони планови од страна на ресорните министерства;
4. Информација за спроведени и идни активности кои произлегуваат од меѓународна иницијатива „Интеграција на Роми 2020-2030“,
5. Разно.

Пред да се усвои дневниот ред, за збор се јави Љубица Томиќ која побара од дневниот ред да се повлече четвртата (4) точка, поради отсуство на лицето кое го води проектот „Интеграција на Роми 2020-2030“. Нејзиниот предлог беше прифатен од присутните и точката беше повлечена, по што се премина на усвојување на дневниот ред. **Членовите на НКТ едногласно го усвоија предложениот дневен ред.**

По првата точка, по поздравното обраќање кон присутните, Националниот координатор, д-р Шабан Салиу, во своето понатамошно обраќање ја нагласи важноста на НКТ за следење на имплементацијата на Стратегијата. Националниот координатор очекува да се изнајдат системски решенија за трајно решавање на проблемите со кои се соочува ромската заедница во Република Северна Македонија, но голем придонес кон подобрување на состојбата на Ромите ќе дадат и членовите на НКТ, со одговорна и посветена работа во рамки на ова тело.

По излагањето на Националниот координатор, се претставија членовите на НКТ и надворешните членови, учесници на состанокот.

По втората точка, Љубица Томиќ ги  презентираше измените во Стратегијата кои се усогласени со Секретаријатот за законодавство на Република Северна Македонија, а се извршени главно во институционалната поставеност.

Во однос на третата точка, секој од членовите на НКТ на кратко информираше за спроведените, тековни и идни активности, односно проекти кои произлегуваат од Стратегијата.

МСПДМ информираше за тековните проекти кои се однесуваат на инклузија на деца Роми во јавните детски установи и ослободување од плаќање партиципација на сите социјално-загрозени ромски семејства чии деца се корисници на услугите на јавните детски установи; зголемување на бројот на вработени Роми во пет ромски информативни центри; продолжуваат мерките за самовработување; продолжува мапирањето на лицата кои не поседуваат лична документација; работат на законско обезбедување на правата на семејствата Роми кои живеат во

објектот „Ранка Милановиќ", кои претходно се мапирани како социјално-загрозени; мерки за домување во рамки на програмата IPA3.

Даниел Аврамски се надоврза и потврди дека во рамки на мерките за самовработување се доделуваат грантови за млади Роми, на кои им следува и менторска поддршка, додека за повозрасни лица износот на грантот е повисок; АВРСМ дејствува во насока на вработување на Роми во правни субјекти кои за таа цел ќе бидат субвенционирани; обезбедуваат обуки, практиканство итн. Мерките опфаќаат лица и со основно и со средно образование.

Делегацијата на ЕУ сподели дека тие како институција го разгледуваат проектот за домување, а во процесот на неговата подготовка ќе биде вклучен и Кабинетот на МИСР.

На темата домување се надоврза и Ашмет Елезовски кој потенцираше дека проектот за домување е започнат всушност од 2011 година, од тогаш до сега се легализирани над 3000 ромски домови.Сепак, според него, направени се и пропусти. Проблемот со личните податоци започнал да се решава уште од 2006/2007 година, но и покрај тоа, сѐ уште постојат проблеми од ваков тип; во некои градови децата од ромската заедница не ги примаат во детските градинки.

МОН известија дека имаат издвоени средства за имплементација на националната Стратегија и за поддршка за средното образование на Ромите. Во основното образование се ангажирани ромски образовни медијатори, а проблем е недостатокот од учебници по предметот Јазик и култура на Ромите. Арабела Иљаз потенцираше дека е објавен Конкурс за изработка на нови учебници на кој очекува да има пријавени автори. Во средното и високото образование се доделуваат стипендии за учениците и студентите Роми. За оваа година се доделени 1200 стпендии во средното и 150 во високото образование. Со усвојувањето на новиот закон за средно образование, и во средните училишта ќе се ангажираат ромски образовни медијатори. Сѐ уште е активна мерката за упис на учениците во средно образование, со која учениците можат да се запишат во средно училиште со 10% помалку од вкупниот број потребни поени. Во тек е планирање на мерка за комплетирање на основното и средното образование на возрасни Роми.

МВР информираше дека поддршката од ова институција за Ромите ќе продолжи и во иднина преку решавање на проблемите на Ромите без лични податоци и документација. До сега министерството бележи голем успех во тој дел.

МТ посочи дека согласно Стратегија, тие работат на домување и комунална инфраструктура. Во 2009 година започнува проектот за домување за лица од социјален ризик, кој веќе е во завршна фаза, по што ќе следува распределба на станбените објекти. Во текот на оваа година се распределени станови на Роми во Велес и во Кочани. Излезена е програма за комунална инфраструктура, а наскоро ќе биде објавен и јавен повик на кој ќе можат да се пријават општините и наменски да ги искористат тие средства. Проблем со кој се соочуваат е непостоењето на Закон за социјално домување и соработката со општините, која е на незадоволително ниво.

МФ и во иднина останува отворено за соработка и ќе продолжи со финансирање на проектите за инклузија на Ромите, како вработување, образование, домување итн.

МЕП истакнаа дека се отворени за соработка и дека и во иднина ќе продолжат да ја следат имплементацијата на проектите предвидени со Стратегијата, од страна на надлежните институции. Тие се во директна соработка со Европската комисија со која споделуваат информации за она што е спроведено од страна на институциите.

МДТ посочија дека како институција можат да помогнат за електронско аплицирање за документи на лицата кои имаат потреба од таква помош.

МЗ информираше дека постојат програми кои можат да ги користат сите граѓани на Република Северна Македонија, истите се објавени и на веб-страната на министерството, единствено граѓаните треба да бидат запознаени и да ги искористат правата што им следуваат. За Стратегијата оваа година имаат издвоено буџет од кој дел ќе бидат наменети за ангажирање ромски здравствени медијатори.

МК укажаа на тоа дека во нивната институција нема вработени Роми, а отворени се работни позиции на кои може да се вработат Роми.

МТ и АВРСМ споделија примери од терен, во кои истакнаа дека поради недоволна информираност и поради стравување од загуба на социјалната помош која ја примаат, а која им е потребна за подмирување на нивните трошоци за егзистенција и обврски кон државата, Ромите не аплицираат за социјални станови иако ги исполнуваат условите за тоа. Двете институции посочија дека треба да се работи на едукација на Ромите за важноста на вработувањето, но и за другите права кои законски им следуваат.

ОБСЕ поставија прашање дали постои алатка која ги содржи сите податоци поврзани со имплементацијата на Стратегијата, конкретно за степенот на спроведување на Стратегијата.

За збор се јави Елвис Мемети кој истакна дека мониторинг врз спроведувањето на Стратегијата вршат граѓанските организации, а тие како институција се обврзани два пати годишно да доставуваат извештаи за сработеното до министерот.

Љубица Томиќ зема збор и истакна дека со проектот од Советот на Европската Унија ќе бидат вклучени сите министерства кои ќе презентираат кои проекти се реализирани за имплементирање на Стратегијата.

Себихан Демировски се јави за збор и во однос на незаинтересираноста за вработување од страна на Ромите, истакна дека тоа се луѓе кои немаат доверба во системот, но и луѓе кои се финансиски неписмени. Односно, пред да се пристапи кон вработување, на таквите луѓе претходно да им се обезбеди подготовка за финансиска писменот; потребно е да се подготви програма за подготовка за вработување. Исто така, Демировски предлага Кабинетот на МИСР да размисли за формирање тим за мониторинг врз работата на сите инволвирани страни во спроведувањето на Стратегијата, формиран од НВО.

Заклучоци:

1. Да се подобри соработката на општините со ресорните министерства вклучени во имплементацијата на Стратегијата,

2. Да се ангажираат медијатори кои ќе работат на подготовка за вработување и финансиска писменост кај Ромите,
3. Да се формира тим за мониторинг врз работата на сите инволвирани субјекти во спроведувањето на Стратегијата, формиран од НВО.

Состанокот заврши во 13.00 часот.

Записничар:

Бранка Јакимовска

Кабинет на министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030